РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 1

| Примено: 02.10.2008 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 6519 | | |


Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ” бр. 58/00 и 44/02) и член 30 од Законот за основно образование („Сл. Весник на РМ” бр. 103/08), министерот за образование и наука донесе наставна програма по предметот *запознавање на околината* за I одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен **вид.**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

НАСТАВНА ПРОГРАМА
ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО
ОШТЕТЕН ВИД

# ЗАПОЗНАВАЊЕ НА ОКОЛИНАТА

ДЕВЕТГОДИШНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, мај 2008

## I ОДДЕЛЕНИЕ

# 1. ВОВЕД

Предметот *запознавање на околината* ја проучува сложеноста, разновидноста и поврзаноста на севкупните појави, предмети, процеси, како и активностите и односите меѓу луѓето во непосредната околина. Запознавањето на околината има свој развоен пат. Детето уште од најрана возраст пројавува спонтана љубопитност и интерес за светот околу себе. Целта на наставата по овој предмет претставува понатамошно систематско насочување на детското спонтано истражување на светот кон постепено откривање на поврзаноста и зависноста на појавите и процесите во природната и општествената средина.

Наставата по предметот *запознавање на околината* за учениците со оштетен вид има посебно значење поради тоа што ги поттикнува да истражуваат (со оглед на склоноста кон пасивност) и да го осознаваат светот што ги окружува, а со тоа да формираат правилни претстави. Посебна цел на наставата е да ги оспособи учениците да развиваат компензаторски способности т.е. по пат на вклучување на останатите сетила да го осознаваат светот што ги окружува. Главна улога во овој процес има развивањето на тактилната перцепција (раката која преку допир активно истражува-кај слепите ученици ) и визуелната перцепција (за слабовидните ученици).

Предвидените наставни содржини се одредени врз основа на животните средини во кои детето секојдневно се наоѓа, кои делуваат сосем природно на него и му даваат разновидни информации за светот што го окружува. Содржините и активностите ќе се реализираат преку организирање непосредни набљудувања, примена на истражувачки постапки во наставата и активно искуствено учење.

Предметот *запознавање на околината* се изучува во првиот развоен циклус и претставува основа за натамошно диференцирано изучување на природните и општествените науки во следните развојни периоди.

Според наставниот план за *запознавање на околината* во I одделение се планирани по 2 часа неделно, односно 72 наставни часа годишно.

## 2. ЦЕЛИ НА ПРЕДМЕТОТ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД ОД I ДО III ОДДЕЛЕНИЕ:

**Ученикот/ученичката:**

- да ја запознава околината како природна и општествена средина;
- да го осознава своето окружување (дом, одделение, училиште, крај, Република Македонија);
- да развива свест за сопствената улога и обврски, како и за улогата и одговорностите на другите луѓе во непосредното окружување;
- да развива позитивна слика за себе, самодоверба, самопочит;
- да развива свест за почитување на правилата за општественото живеење и преземање одговорност за своите постапки;
- да се оспособува за набљудување, опишување, истражувачки активности и логичко мислење;
- да се поттикнува за спознавање на живата и неживата природа, идентификување на нивната различност, поврзаност и променливост;
- да развива хуман однос кон живите суштества и природата како целина;
- да развива способност за ориентирање во просторот и времето;
- да стекнува сознанија за минатото и сегашноста;
- да се поттикнува да стекнува елементарна сообраќајна култура;
- да се оспособува да се грижи за сопственото здравје и животна околина;
- да се поттикнува на хуманите односи меѓу половите, меѓусебна комуникација и мултикултурно разбирање;
- да се поттикнува развојот на морални и патриотски чувства и развивање почит кон различните култури;
- да се поттикнува љубопитноста за светот што го/ја окружува;
- да се поттикнува да проучува материјали и да се воведува во организирана истражувачка работа;
- да се оспособува за користење на информатичката технологија во збогатувањето на искуствата и сознанијата.

# 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО I ОДДЕЛЕНИЕ:

**Ученикот/ученичката:**

- да ја запознава непосредната околина;
- да ја открива поврзаноста и зависноста меѓу луѓето, предметите и појавите;
- да споредува и да утврдува сличности и разлики меѓу предметите и појавите;
- да се поттикнува да ги применува стекнатите знаења во нови ситуации во училишниот и секојдневниот живот;
- да се доживува себеси како единствена и неповторлива личност и да развива самодоверба;
- да се поттикнува да идентификува, да препознава и да искажува различни емоции;
- да стекнува основни културни, здравствено-хигиенски и работни навики;
- да усвојува основни правила за однесување во сообраќајот;
- да се оспособува да учествува во донесување на правила за однесување во училницата и да се навикнува да ги почитува;
- да развива чувство за припадност  на семејството, одделението, училиштето и родниот крај;
- да развива чувство на почит и љубов кон својата татковина Република Македонија;
- да се поттикнува за меѓусебно договарање, помагање и соработка со другите;
- да развива почит кон сопствената култура и културата на другите;
- да се оспособува за  ориентирање и снаоѓање во просторот и времето;
- да развива интерес и желба за самостојно доаѓање до нови сознанија.

## 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ТЕМА - ЈАС И ДРУГИТЕ (ориентационо 12 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **ЦЕЛИ** | **СОДРЖИНИ** | **ПОИМИ** | **АКТИВНОСТИ И МЕТОДИ** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да ги знае основните податоци за себе;<br>- да се доживува себеси во континуитет (јас некогаш и сега);<br>- да развива способности за набљудување, опишување, споредување и заклучување;<br>- да се поттикнува во размислувањето и во искажувањето свое мислење;<br>- да почитува и да поддржува мислења на другите;<br>- да развива позитивна слика за себе и самодоверба;<br>- да ги открива своите интереси и да ги негува;<br>- да развива самостојност;<br>- да умее да препознае и искажува различни чувства кај себе;<br>- да развива навики за културно однесување;<br>- да воочува разлики и сличности меѓу себе и другите;<br>- да ги почитува другите и да помага на помалите и различните од себе;<br>- да се оспособува да решава елементарни конфликти со мала помош на возрасните. | Кој сум јас<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>Јас со другите | Дете<br><br><br><br>Албум<br>Растам<br><br><br><br><br><br><br>Што можам<br>Што умеам<br>Што не можам<br><br><br><br>Љубов, радост, тага, страв.<br><br><br>Другарство | -Игри пред огледало (кој сум јас, како изгледам, што е најубаво кај мене и сл.), игри со имитирање на движења, игри со употреба на гестикулација.<br>-Тактилно перципирање (рељефни слики, модели, термоформ фолии) и набљудување на слики со различни ситуации.<br>-Опишување на различни ситуации. --Драматизации: изведување ситуациски игри со различни улоги.<br>-Разгледува фотографии, раскажува, што можел како мало бебе; што може сега – во мирување, движење; што ќе може кога ќе порасне; што не може; што не смее, се црта себеси – истражувачки активности за своите можности.<br>-Симулирање на проблемски ситуации.<br>-Покажува, раскажува, илустрира, разгле-дува сликовници, драматизации.<br>- Праќа порака (цртеж, балон) со пораки за себе.<br>- Зборува за тоа што го плаши, што го прави среќен, што го лути.<br>-Кажува што може сам да направи (да се облече, да купи нешто).<br>-Филмувани стории и приказни, правење албуми на чувства, раскажување случки<br>-Искажување на чувства преку експресии (пантомима), драматизации. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | -Симулации, драматизации, игри на улоги, социјални игри (за толеранција, игри за доверба).<br>-Разговара со другарите, наоѓа сличности и разлики (надворешен изглед, желби, омилена играчка, приказна и сл.). |

| **ТЕМА - МОЕТО УЧИЛИШТЕ (ориентационо 8 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| **ЦЕЛИ** | **СОДРЖИНИ** | **ПОИМИ** | **АКТИВНОСТИ И МЕТОДИ** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да ја запознае својата училиштна средина;<br>- да ги запознае своите права и обврски како ученик;<br>- да го почитува распоредот на активностите и да осознава дека правилата се потребни за животот и работата во паралелката;<br>- да се доживува себеси како дел од паралелката;<br>- да учествува во донесување и применување на правилата во училницата и училиштето;<br>- да се воведува во надминување на стереотипи и предрасуди кон другите;<br>- да се запознае со одбележувањето на значајните празници во училиштето (патронен празник);<br>- да знае што е лево и десно, над, под, горе, долу;<br>- да се поттикнува внимателно и безбедно да се движи во училиштето. | Моето училиште | - Училиште учител, учителка.<br><br>Ученик/ ученичка.<br><br>Училница, катче, играчки.<br><br>Правила, одговорност<br><br>Вработени, канцеларија<br><br>Училиштни празници | -Прошетка на учениците низ училиштето, покажување и разгледување на училишните простории и објаснување за што служи секоја од нив.<br>-Разговори за впечатоците од првиот училиштен ден.<br>-Определување на ориентири и правец на движење во училиштето, училницата и др.<br>-Определување лево-десно од стојалиштето и ориентирите.<br>-Учество во уредувањето на училницата, катчињата, запознавање со играчките и други средства.<br>-Ориентирање во училницата, во работниот простор (масичка, полица за играчки и сл.).<br>-Учениците прават етнолошко катче со експонати на културите на кои припаѓаат.<br>-Запознавање како треба правилно да се однесува со опремата, средствата и материјалите. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | лево<br>десно<br>горе<br>долу | -Се грижи за хигиената на училницата и за растенијата во училницата.<br>Учествува во донесувањето на правилата за однесување во училницата, црта пораки за правилно однесување, учествува во нивното истакнување на видно место и почитување во секојдневниот живот.<br>-Разговор за тоа што ќе биде ако не се почитуваат правилата.<br>-Разговор за тоа што е правично, а што не во игрите и активностите и зошто не треба да се биде неправичен;<br>-Во непосредни средби се запознава со врботените во училиштето, прашуваат кој што работи и како придонесува во животот на училиштето.<br>-Игра игри „нетипични” за неговиот/нејзиниот пол.<br>-Водат разговор за празниците, денот на училиштето, на државата и др., го украсуваат просторот.<br>-Вежби за ориентирање во училиштето (лево од, десно од).<br>-Правила за безбедно движење во училиштето. |

| ТЕМА: МОЈОТ ДОМ (ориентационо 8 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **ЦЕЛИ** | **СОДРЖИНИ** | **ПОИМИ** | **АКТИВНОСТИ И МЕТОДИ** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да ги почитува блиските во семејството и да развива чуваство на припадност;<br>- да ги запознава правилата на однмесување во семејството и улогите;<br>- да усвојува знаења и вештини за здравјето, односно хигиената и здравиот начин на исхрана;<br>- да ги знае начините на користење на слободното време во семејството;<br>- да ги знае семејните прослави и празници, и како тие се одбележуваат;<br>- да ги запознае и почитува семејните празници на децата од своето окружување. | Моето семејство | Дом<br>Семејство, членови.<br><br>Одговорност<br><br>Лична хигиена, мојата соба, задолженија.<br><br>Здрава исхрана<br><br>Слободно време<br><br>Празници, прослави | -Набљудува разни модели, споредува изрази на лицето (слики, рељефни слики, биста), разгледува семејни албуми, разговор за членовите во семејството и различноста на семејствата во однос на бројот на членовите.<br>- „Како ѝ покажувам на мама, тато, баба дека ги сакам.<br>-На апликатор реди средства за лична хигиена; Игри со дидактички играчки;<br>-Прави пано со средства за лична хигиена; -<br>-Истражувачка активност (вода, сапун).<br>-Самостојно ја одржува личната хигиена.<br>-Набројува и опишува свои активности како член на семејството (права и задолженија).<br>-Разговара за опасности (штекер, хемикалии, остри предмети, голема бучава и сл.).<br>-Разгледува слики (рељефни слики, модели) и разговара за правилна исхрана.<br>-Истражувачка активност „Храната во моето семејство”.<br>-Разгледување на слики од семејни албуми, презентации на ЦД; творечки игри; игри на улоги.<br>-Прославуваме роденден, разгледување слики од други празнувања - слави, свадби, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | имендени, се опишува начинот на нивното прославување.<br>-Честитка за своите блиски (тато, бато, баба, мама и др.). |

**ТЕМА: МЕСТОТО ВО КОЕ ЖИВЕАМ (ориентационо 8 часа)**

| ЦЕЛИ | СОДРЖИНИ | ПОИМИ | АКТИВНОСТИ И МЕТОДИ |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да се поттикнува да го запознае местото во кое живее (село, град);<br>- да се запознае со позначајните објекти во непосредната околина;<br>- да ја запознае културната различност во местото во кое живее;<br>- да запознае стари градби, носии, стари предмети;<br>- да ја именува својата татковина, да ги препознава знамето и химната;<br>- да развива чувство на припадност и љубов кон својата татковина. | Каде живеам | Град, село<br><br>Пошта, амбуланта, средства за работа, работна облека<br>- Стари градби, носии, стари предмети, музеј, играчки во минатото.<br><br>Татковина, знаме, химна | -Учествува во организирани прошетки во околината, набљудува, разговара, црта , моделира објекти што ги познава.<br>-Разговара со вработени во пошта, амбуланта за нивната професија, работните обврски, а потоа ги црта /моделира нивните средства за работа.<br>-Посета на стари градби, музеи, разгледу-вање, опишување, разговори со повозрас-ните членови од семејството, изработка на (апликации) постери, збогатување на етнолошко катче со модели изработени од различни материјали.<br>-Разговара кој живее во неговата/нејзината зграда, наелеба, град (кои јазици се зборуваат, кои празници се празнуваат).<br>-Ја слуша химната на Република Македонија.<br>-Го разгледува, опишува и илустрира македонското знаме (на пример, со примена на ИКТ), изработка на албуми и паноа со слики и разгледници за убавините на Македонија, го збогатува татковинското катче. |

| ТЕМА: ЈАС СУМ ДЕЛ ОД ПРИРОДАТА (ориентационо 24 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **ЦЕЛИ** | **СОДРЖИНИ** | **ПОИМИ** | **АКТИВНОСТИ И МЕТОДИ** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да знае некои растенија и животни;<br>- да развива хуман однос кон живиот свет;<br>- да го запознава надворешниот изглед на некои растенија во својата околина;<br>- да препознава и именува цветни растенија, овошје и зеленчук;<br>- да препознава, именува одредени плодови и да ги разликува по надворешниот изглед;<br>- да се запознае дека некои растенија се користат во исхраната;<br>- да се запознава со некои разлики меѓу домашните и дивите животни;<br>- да се поттикнува да согледува примери за поврзаноста на растенијата и животните;<br>- да се поттикнува одговорност кон домашните миленичиња;<br>- да се запознава со основните карактеристики на живата и неживата природа;<br>- да стекне елементарни знаења за изгледот на човековото тело;<br>- да воочува и опишува надворешни делови на човековото тело;<br>- да ги осознае основните функциите на надворешните делови на телото;<br>- да спознае сличности и разлики меѓу децата, луѓето;<br>- да се сензибилизира за хумани односи меѓу половите;<br>- да се запознава со некои промени и појави во природата низ одделните годишни времиња; | Растенијата и животните во мојата околина<br><br>Жива и нежива природа<br><br>Јас сум дел од живиот свет | Овошје, зеленчук, трева, и дрвја.<br><br>Животни, диви, домашни.<br><br>Домашен миленик<br><br>Живо и неживо<br><br>Делови на човечкото тело, глава, труп, раце, | -Набљудување (тактилно), именување и набројување растенија и животни во блиската околина.<br>-Прошетки, набљудување дрвја во различни годишни времиња, селектирање на лисја и плодови од различни дрвја според карактеристиките (форма, текстура, мирис), цртање (моделирање) на некои воочени промени кај дрвото, собирање растенија за ботаничкото катче.<br>-Истражувачки активности: садат и одгледуваат зеленчук; ги цртаат промените во определен временски период.<br>-Препознава и истражува разни видови зеленчук, овошје во природен облик (големина, форма, мазна - рапава површина, мирис, вкус).<br>-Истражува овошен плод (делови на плодот) и прави книга или модел.<br>-Посета на зоолошка градина, набљудување во околината, разгледување на енциклопедии, слики, правење на албуми, дидактички игри, презентации на ДВД, примена на ИКТ.<br>-Раскажува за своето домашно милениче, ги искажува своите емоции кон него и ги набројува своите задолженија.<br>-Гледање на филмови со соодветна содржина.<br>-Споредува и воочува неколку сличности и разлики меѓу растение, животно, камен, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да има претстава за основните временски периоди: ден и ноќ;<br>- да го разбира редоследот на случувањата: вчера, денес и утре;<br>- да ги именува деновите во седмицата;<br>- да развива свест за зачувување на чиста околина. | Моето тело<br><br>Природни појави<br><br>Годишни времиња | нозе.<br><br>Машко, женско<br><br>Храна, вода, сон.<br><br>Годишни времиња, есен, зима, пролет, лето, ветер, сонце, дожд, мраз.<br><br>Ден, ноќ, вчера, денес, денови во седмицата<br><br>Здрава и чиста околина | земја.<br>-Опишување на целокупниот изглед на човечкото тело – преку релјефни слики, модели, игри со кукли, подвижни игри, куклен театар, користење на гатанки, разгледување на енциклопедии.<br>-Откриваат сличности и разлики меѓу, височина, боја на очи, боја на коса.<br>-Разговор на тема: По што се слични, а по што различни игрите на момчињата и девојчињата.<br>-Истражувачки активности за тоа што е потребно за живот ( вода, воздух, храна).<br>-Истражувачки активности, подвижни игри, набљудувања, дидактички игри, одбележување на доаѓањето на годишните времиња, календар на природата, драматизации, примена на ИКТ.<br>-Драматизации, серија слики, куклени претстави; набројувања и опишувања на активностите кои се одвиваат во текот на денот и ноќта, работилница- мојот неделен план.<br>-Учествува во грижата за растенијата во еколошкото катче во училницата, катче во училишниот двор.<br>-Набљудува околина, црта еколошки пораки, разговара по слики на кои се претставени чиста и загадена река и парк, учествува во изработка на паноа. |

| ТЕМА: СООБРАЌАЈ (ориентационо 10 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **ЦЕЛИ** | **СОДРЖИНИ** | **ПОИМИ** | **АКТИВНОСТИ И МЕТОДИ** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да се запознава со сообраќајот од домот до училиштето;<br>- да ги спознава правилата за безбедно одење по тротоар, преминување преку улица;<br>- да ги запознае местата каде е дозволено да се игра и како се обележани;<br>- да ги знае и опишува сообраќајните средства кои најчесто ги среќава;<br>- да ја запознае улогата на светлосната сигнализација на семафорот;<br>- да ја разбира улогата на сообраќајниот полицаец во регулирањето на сообраќајот;<br>- да развива навики за почитување на сообраќајните знаци, пешачки премин, преминување преку улица. | Како се однесувам во сообраќајот | Сообраќај, пешаци, возила.<br><br>Лево, десно, напред, назад тротоар, улица. Пешачки премин Игралиште<br><br>Автомобил, автобус, воз, брод, авион, велосипед.<br><br>Семафор, црвено, жолто, зелено светло.<br><br>Сообраќаен полицаец | -Набљудувања и разговор за сообраќајот во непосредната околина, симулација на движења; игри со користење на детски играчки-сообраќајни средства, изработени од картон, готови изработки, рељефни слики, термоформ фолии и др.<br>-Запознавање на патот од дома до училиште и набројување на објектите кои секојдневно ги гледа, набљудување на сообраќајот;<br>-Прошетки до најблиската раскрсница, звучен семафор.<br>-Вежби за правилно преминување преку улица симулации во катчето во училницата, училишниот двор.<br>-Правилно преминување преку улица.<br>-Симулирање на движења во училишниот двор, игри со употреба на сирени, труби, интегрирано со движења.<br>-Цртање и изработка на сообраќајни средства.<br>-Набљудување на сообраќајните средства, примена на ИКТ.<br>- Истражувачки активности: звук и движење.<br>-Набљудување на (звучен) семафор со три светла и семафор за пешаци со две светла, цртање, правење модели на семафори, поминување улица каде има звучен семафор.<br>-Разговара со другите за улогата на сообраќајниот полицаец, неговата униформа, игри со симулации на сообраќајниот полицаец во сообраќајот се повикува сообраќаен полицаец во училиште и се води разговор со него.<br>-Набљудува правилно однесување во сообраќајот |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | на ТВ- слајдови, рељефни цртежи, разговара за однесувањето на улица, размена на искуства од учениците и наставникот, симулација на однесување во сопствени и други возила и др.; игра игри на сообраќајно килимче и во дворот на училиштето. |

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Кај учениците со оштетен вид, непостоењето или намалената функција на видниот анализатор го ограничува запознавањето на светот што ги окружува. Поради тоа, представите кои учениците ги формираат се неправилни, непотполни и вербално усвоени. Наставата по предметот *запознавање на околината* има за цел да ги оспособи учениците да развиваат компензаторски способности т.е. по пат на вклучување на останатите сетила да го осознаваат светот што ги окружува. Главна улога во овој процес, кај слепите ученици има развивањето на тактилната перцепција (раката која допира и активно истражува) и на визуелната перцепција кај слабовидните ученици (правилно набљудување на дидактичките материјали).

*Насоки за меѓупредметно поврзување*

- *Наставните содржини на предметот запознавање на околината даваат можност за интегрирано целно и содржинско поврзување со наставните предмети: македонски јазик, математика, ликовно образование, музичко образование, физичко и здравствено образование и ориентација и мобилност.*

*Препораки за користење на годишниот фонд на часови*

Поставените цели во наставните теми даваат можност за самостојно планирање и реализација на содржините, во согласност со потребите на учениците и почитување на принципот на актуелизација во наставата.

Во графата „Активности и методи" дадени се дел на активностите за успешно постигнување на целите кои можат да се дополнуваат.

*Наставни средства:*

- непосредната околина – предмети и појави во природата, како и појави во општеството и односите меѓу луѓето;
- дидактички средства и материјали (природни и вештачки);
- рељефни слики, термоформ фолии;
- куклен театар;
- визуелни средства (слики, апликации, фолии, паноа, огласни табли, модели, макети и др.);
- сликовници, енциклопедии, списанија и сл.;
- Интернет, образовни софтвери;
- аудио-визуелни средства (графоскоп, дигиталн фотоапарат, дигитална камера, телевизор, ДВД- плеер, видео-плеер, компјутер, ЛЦД проектор и други средства) .

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

- Следење на постигањата на учениците

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и сл. (формативно оценување).

Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето.

Начини на проверување и оценување:

• описно оценување:
  - опсервација на детето- ученик;
  - разговор - како начин на изразување;
  - мотивација, интереси, активности;
  - водење на развојно и аналитичко портфолио за секое дете - ученик;
  - користење на евидентни и чек листи, анегдотски белешки, студии на случај;
  - детски изработки поединечни, групни.

На крајот на годината се изведува сумативна описна оценка.

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализацијата се темели на Нормативот за простор за I, II и III одделение и на наставните средства за I одделение донесен од министерот за образование и наука.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно- образовната работа во прво одделение може да ја изведува лице кое завршило:
- Филозофски факултет - Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог;
- Дефектолошки факултет согласно Законот за основно образование.

## 9. НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО ЗАПОЗНАВАЊЕ НА ОКОЛИНАТА ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ ДОНЕСЕНА НА 21. О6. 2007 ГОДИНА СО РЕШЕНИЕ БР. 10-1009/2, ЗА ПОТРЕБИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ СО ОШТЕТЕН ВИД ЈА АДАПТИРАШЕ КОМИСИЈАТА ВО СОСТАВ:

1. Марија Симонова, советник, БРО - Скопје
2. м-р Елизабет Солтирова, директор, ОУ „Владо Тасевски"- Скопје

## 10. РЕШЕНИЕ И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ***запознавање на околината*** за прво одделение во деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид ја донесе

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 10-1960/4

Скопје 02.10 2008 год.
СКОПЈЕ

---------------------------------------------

Перо Стојановски,
министер за образование и наука